РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

октомври, 2016 година

# СОДРЖИНА

Резиме ........ 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ........ 3

Број на работници во индустријата ........ 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ........ 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 5

Инфлација ........ 6

Берзански цени ........ 7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ........ 8

Увоз ........ 9

Салдо на трговска размена ........ 10

Валутна структура ........ 10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи ........ 11

Буџетски расходи ........ 12

Буџетско салдо ........ 13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ........ 13

Плати ........ 14

Пензии ........ 15

5. Монетарен сектор

Примарни пари ........ 16

Депозитен потенцијал ........ 16

Кредити на банките ........ 17

Каматни стапки на депозитни банки ........ 18

Пазар на капитал ........ 18

Девизни резерви ........ 18

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

октомври, 2016 година

- Индустриското производство во октомври 2016 година во споредба со октомври 2015 година забележа пад од 3,6%;

- Потрошувачките цени во октомври 2016 година се зголемија за 0,2% во однос на октомври 2015 година, по годишниот раст на цените од исто така 0,2% во септември 2016 година;

- Во периодот јануари- октомври 2016 година извозот забележа раст од 5,8%, а увозот за 5,6%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 5,4%, споредено со истиот период минатата година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - октомври 2016 година изнесуваа 140.196 милион денари, што претставува поголемо остварување за 6,6% во однос на истиот период 2015 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 151.117 милиони денари, што е за 3,3% повеќе во однос истиот период 2015 година;

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 1,8% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките раст од 4%.

# РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство




Во октомври 2016 година индустриското производство забележа пад од 3,6% во споредба со октомври 2015 година. Анализирано по сектори, раст е забележан единствено во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 10,5%, додека во секторите Преработувачка индустрија и Рударство и вадење камен е забележан пад од 4,5% односно 0,8%.

Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во октомври 2016 година има гранката Производство на машини и уреди (1,6 процентни поени), а најголем негативен придонес има гранката Производство на облека (-4,2 процентни поени).

На кумулативна основа, индустриското производство во периодот јануари-октомври 2016 година во однос на истиот период во 2015 година забележа раст од 4,4%. Раст е забележан во секторот Преработувачка индустрија од 7,0%, додека пад има кај секторите Рударство и вадење камен од 7,5% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 5,7%.




Податоците за индустриското производство по наменски групи во октомври 2016 година во однос на октомври 2015 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 73,8%, Капитални производи од 18,3% и Енергија од 4,2%. Намалување на производството е забележано кај групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 16,9% и Интермедијарни производи, освен енергија од 4,4%.

На кумулативна основа, во периодот јануари-октомври 2016 година во однос на истиот период во 2015 година раст е забележан во групите: Капитални производи од 33,3%, Трајни производи за широка потрошувачка од 29,3% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,3%. Пад е забележан кај групите Енергија од 6,6% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,0%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во октомври 2016 година забележа пад од 1,4%. Падот се должи на намалениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 1,8%. Во секторите Рударство и вадење камен и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан раст од 3,2% односно 0,6%.




На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во периодот јануари-октомври 2016 година во споредба со истиот период претходната година е зголемен за 0,3%. Раст е забележан во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 1,8%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,1% и Преработувачка индустрија од 0,1%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во октомври 2016 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 5,1%, Капитални производи од 4,3% и Енергија од 3,1%. Пад е забележан кај групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,7% и Интермедијарни производи, освен енергија од 1,4%.

На кумулативна основа, во првите десет месеци од 2016 година во однос на истиот период во 2015 година раст на бројот на работници е забележан во групите: Капитални производи од 11,2%, Интермедијарни производи, освен енергија од 2,2%, Енергија од 2,1% и Трајни производи за широка потрошувачка од 1,7%. Намалување на бројот на работници е забележан во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,3%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во октомври 2016 година е поповолна во однос на септември 2016 година, а многу поповолна во однос на истиот месец претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во октомври изнесува 65,8%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога

износувало 65,6%. Споредено со октомври 2015 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 1,8 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во октомври 2016 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 24,5%, недоволната домашна побарувачка со 20,4%, недостигот на квалификувана работна сила со 17,9%, неизвесното економско окружување со 10,2%, финансиските проблеми со 7,6% и конкурентниот увоз со 6,4%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во октомври во однос на септември 2016 година е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се речиси на исто ниво како во претходниот месец, додека залихите на готови производи се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во октомври 2016 година издадени се 291 одобрение за градење, што претставува намалување од 10,7% споредено со истиот месец претходната година. Во однос на септември 2016 година, кога биле издадени 297 одобренија, бројот на издадени одобренија за градење бележи намалување од 2,0%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во октомври 2016 година е намалена за 44,1% на годишно ниво. Споредено со претходниот месец, вредноста на објектите се намалила за 44,5%. Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 187 (или 64,3%) се наменети за објекти од високоградба, 36 (или 12,4%) за објекти од нискоградба и 68 (или 23,3%) за објекти за реконструкција.




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 291 издадено одобрение за градба, на 193 објекти (или 66,3%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 98 објекти (или 33,7%) инвеститори се деловни субјекти.




Во октомври 2016 година предвидена е изградба на 675 станови, со вкупна корисна површина од 52.163 м$^2$. Бројот на

предвидени станови за изградба на месечна основа е намален за 33,1%, а во однос на октомври 2015 година за 22,3%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во октомври 2016 година се зголемија за 0,2% во однос на октомври 2015 година, по годишниот раст на цените од, исто така, 0,2% во септември 2016 година. Просечната стапка на инфлација во првите десет месеци од 2016 година изнесува -0,3%.




Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во октомври забележа годишен пад на цените од 0,9%, главно како резултат на намалените цени во поткатегориите Масло и маснотии од 5,7% и Овошје од 4,2%.

Годишен пад на цените во октомври е регистриран и во категориите: Здравје од 1,6%, Останати стоки и услуги од 1,2% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,5%.

Највисок годишен раст на цените е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,9%, следена со порастот на цените во категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 3,6%, Облека и обувки од 1,7%, Комуникации од 1,4%, Ресторани и хотели од 1,2%, Транспорт од 0,6%, Рекреација и култура од 0,3% и Образование од 0,1%.



Потрошувачките цени во октомври 2016 година останаа непроменети во однос на претходниот месец. Зголемување на цените е забележано во категориите: Облека и обувки од 1,7%, Здравје од 0,2% и Ресторани и хотели од 0,1%.

Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,5%, Транспорт од 0,3%, Храна и безалкохолни пијалаци и Останати стоки и услуги од по 0,2% и Рекреација и култура од 0,1%.

Цените во категориите Домување, вода, електрика, гас и други горива, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, Комуникации и Образование останаа непроменети.

Цените на мало во октомври 2016 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 0,5%, додека споредено со претходниот месец цените на мало се намалија за 0,3%. Цените на мало во првите десет месеци од 2016 година се пониски за 0,3%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во октомври 2016 година споредено со септември 2016 година се зголеми за 7,7% и изнесуваше 49,7 долари за барел. На годишна основа, цената на нафтата бележи раст од 3,3%. Цената на природниот гас во октомври во однос на претходниот месец порасна за 0,4%.




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во октомври 2016 година се тргуваше со просечна цена од 10.251 долар за еден метрички тон ($/мт) и во однос на септември 2016 година бележи зголемување на цената од 0,6%. Во споредба со истиот месец претходната година, цената на никелот се намалила за 0,6%. Во октомври, месечно



зголемување на цената се забележува и кај останатите основни метали. Така, цената на алуминиумот се зголеми за 4,4%, на оловото за 3,9%, на калајот за 2,9%, на цинкот за 0,5% и на бакарот за 0,1%. Цената на железната руда во октомври, споредено со септември 2016 година се зголеми за 1,7%.

Во октомври, благородните метали забележаа месечен пад на цените. Така, цената на среброто се намали за 8,8%, на платината за 8,4% и на златото за 4,5%.

Цената на пченката на светските берзи во октомври, споредено со претходниот месец се зголеми за 2,6%, а на пченицата за 0,7%. Цената на јагнешкото месо во октомври се намали за 0,4% на месечна основа.

# НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешно - трговска размена во првите десет месеци од 2016 година изнесува 8.544,3 милиони евра, што претставува раст од 5,7% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари – октомври 2016 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 70,2%, што претставува зголемување од 1,6 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Во периодот јануари - октомври 2016 година вредноста на извезените стоки изнесува 3.559,1 милион евра и бележи раст од 5,8% (193,6 милиони евра) во однос на истиот период во 2015 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 6%.

Вредноста на извезените стоки во октомври 2016 година изнесува 370,9 милиони евра и бележи раст од 0,6% (2,3 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намалил за 16,3%.




Анализирано на месечно ниво, извозот во октомври 2016 година бележи пад од 5,1% (20,1 милион

евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен пад од 3,8%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - октомври 2016 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, пијалаци и тутун, метална руда и отпадоци од метал и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 49,1% од вкупниот извоз на државата.




Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – октомври 2016 година споредено со истиот период од 2015 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати и Организација за економска соработка на земји од азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 10,1% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 5,9%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 80,2% и 12,4% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – октомври 2016 година изнесува 4.985,2 милиона евра и бележи раст од 5,6% (266,4 милиони евра) во однос на истиот период од 2015 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 1,8%.




Вредноста на увозот во октомври 2016 година изнесува 531 милион евра, што претставува пад од 0,8% (4 милиони евра) во однос на истиот месец 2015 година, а увезените количини стоки се намалени за 6,8%.

Анализирано на месечно ниво, увозот во октомври 2016 година бележи раст од 3,3% (17,1 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 5,4%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2015 | I - X - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 52,6 | 84,2 | 31,6 | 60,2 |
| Мил. ЕУР | 28,5 | 30,7 | 2,1 | 7,5 |
| Мил.$ | 31,8 | 34,2 | 2,4 | 7,7 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2015 | I - X - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 769,3 | 868,5 | 99,2 | 12,9 |
| Мил. ЕУР | 351,8 | 302,4 | -49,4 | -14,0 |
| Мил.$ | 391,7 | 337,3 | -54,4 | -13,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2015 | I - X - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 13,0 | 13,5 | 0,5 | 4,0 |
| Мил. ЕУР | 631,5 | 738,1 | 106,6 | 16,9 |
| Мил.$ | 703,8 | 822,6 | 118,8 | 16,9 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2015 | I - X - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 26,0 | 25,6 | -0,4 | -1,7 |
| Мил. ЕУР | 102,7 | 137,6 | 34,9 | 34,0 |
| Мил.$ | 114,2 | 153,5 | 39,3 | 34,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2015 | I - X - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 494,1 | 538,3 | 44,2 | 9,0 |
| Мил. ЕУР | 455,4 | 338,5 | -116,9 | -25,7 |
| Мил.$ | 506,0 | 377,4 | -128,6 | -25,4 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2015 | I - X - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 513,3 | 679,5 | 166,3 | 32,4 |
| Мил. ЕУР | 240,3 | 266,8 | 26,5 | 11,0 |
| Мил.$ | 267,1 | 297,3 | 30,2 | 11,3 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите десет месеци од 2016 година, трговскиот дефицит се зголеми за 5,4% односно 72,8 милиони евра споредено со истиот период минатата година.




Во октомври 2016 година трговскиот дефицит се намали за 3,8% односно 6,3 милиони евра споредено со октомври минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка, додека во спротивна насока дејствуваше стеснувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, транспортна опрема и храна и пијалаци.

Во периодот јануари – октомври 2016 година 87,8% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина, Грција и Србија, а потоа следуваат: Турција, Италија, САД, Русија, Унгарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и БиХ.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 86,6% од трговската размена во периодот јануари - октомври 2016 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2015 година претставува зголемување од 4,8 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,8% и 82,2%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 5,1 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 4,7 п.п. во однос на периодот јануари – октомври 2015 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - X - 2015 | | | | | I - X - 2016 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.855,6 | 3.656.652.295 | 61,6054 | 225.269.527.309 | 77,5 | 3.713,1 | 4.095.807.558 | 61,6160 | 252.367.278.471 | 82,2 | 439.155.262 | 12,0 |
| УСД | 2.217,6 | 1.115.705.211 | 55,1981 | 61.584.807.815 | 21,2 | 1.268,9 | 938.077.077 | 55,2937 | 51.869.752.462 | 16,9 | -177.628.134 | -15,9 |
| ГБП | 5,5 | 17.357.974 | 84,6256 | 1.468.928.940 | 0,5 | 4,6 | 15.635.827 | 76,2202 | 1.191.765.876 | 0,4 | -1.722.147 | -9,9 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5.078,6 | | | 288.323.264.064 | 98,7 | 4.986,5 | | | 305.428.796.810 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 5.087,9 | | | 290.731.170.722 | 100,0 | 4.998,3 | | | 307.166.245.196 | 100,0 | | 5,7 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - октомври 2016 година изнесуваа 140.196 милиони денари, односно 24,2% од БДП, што претставува поголемо остварување за 6,6% во однос на истиот десетмесечен период од 2015 година.




Даночните приходи во периодот јануари - октомври се реализирани во износ од 82.279 милиони денари, односно 14,2% од БДП и во однос на истиот период 2015 година се зголемени за 8,5%. Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 39.181 милион денари и забележа зголемување од 12,0% во однос на истиот период од 2015 година, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 47,6%. Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 7,1% додека ДДВ од прометот во земјата забележува зголемување од 9,4%. ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележува помало остварување за 88,0%.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 11.132 милиона денари и забележуваат раст од 10,9% на годишна основа, при што речиси 2/3, односно 66,5% од персоналниот данок претставува приход од данокот на плати и други лични примања, 7,3% од приходи од капитал, 7,0% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,1% од приходи по основ на договор на дело, 3,5% од приходи од имот и имотни права и 2,2% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот од добивка во овој период од 2016 година изнесуваа 8.963 милиони денари и забележаа намалување од 13,6% во однос на истиот период претходната година.

Акцизите се остварени во износ од 18.581 милион денари (учество од 22,6% во даночните приходи) и забележаа поголемо остварување од 13,3% во однос на истиот период минатата година. Приходите од царина беа остварени во износ од 3.941 милион денари и забележаа зголемување од 11,1%.

Приходите од други даноци со остварен износ од 481 милиони денари забележаа помало остварување за 9,1% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 40.929 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 4,8% споредено со истиот период 2015 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 4,8%, кај придонесите за здравствено осигурување за 4,9% и кај придонесите за вработување за 5,2%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 10.844 милиони денари и во однос на истиот период во 2015 година забележаа поголемо остварување за 5,4% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 1.799 милиони денари, што претставува помало остварување за 11,6% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.765 милиони денари, односно се зголемија за 7,4% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - октомври 2016 година изнесуваа 151.117 милиони денари, односно 26,1% од БДП, што е за 3,3% повеќе во однос на истиот период 2015 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 138.636 милиони денари учествуваа со 91,7% и се зголемени за 3,9% во однос на истиот период 2015 година.

Средствата за плати и надоместоци беа реализирани во износ од 21.565 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 14,3% и во однос на 2015 година се зголемени за 5,4%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 12.824 милиони денари и споредено со истиот период 2015 година забележаа намалување од 11,3%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 98.979 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа зголемување од 6,3% споредено со истиот период во 2015 година и истите учествуваа со 65,5% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 73.797 милиони денари, забележаа раст од 7,3% и учествуваа со 48,8% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 45.229 милиони денари, се зголемија за 8,7% споредено со истиот период од 2015 година и учествуваат со 29,9% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 16,0%, односно забележаа зголемување од 4,2% споредено со истиот период 2015 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 12.326 милиони денари забележаа зголемување од 1,8%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите, со учество од 6,8% во вкупните расходи, забележаа раст од 6,3% во однос на минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 5.268 милиони денари, што е намалување од 2,5% во споредба со истиот период 2015 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа намалени за 7,7%, додека каматите од странско задолжување беа зголемени за 1,4% во споредба со истиот период минатата година.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 12.481 милион денари со структурно учество од 8,3% во вкупните расходи, односно забележаа помала реализација за 2,1% во споредба со истиот период лани.

### Буџетско салдо

Во периодот јануари – октомври 2016 година, во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 10.921 милион денари, што претставува 1,9% од БДП, додека дефицитот на централниот буџет изнесува 9.994 милиони денари што претставува 1,7% од БДП.

## *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – октомври 2016 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 154.150 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е понизок за 0,6% во однос на истиот период од 2015 година.

Од вкупниот број нововработени, 45,5% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во октомври 2016 година 21,9% се од евиденцијата на невработени.




Вкупниот број невработени лица изнесува 199.955, од кои 104.406 се активни баратели на работа, а 95.549 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 6,0%.

Најголем дел од невработените лица (67,4%) се градско население, а според половата структура 58,8% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 55,2% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 30,0% се со завршено средно образование, додека 14,8% имаат вишо или повисоко ниво на образование.




По возрасни групи, најголемиот дел или 54,0% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 53,5% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 9,9% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во септември 2016 година оствари годишен раст од 0,8%, а во однос на



претходниот месец е пониска за 0,5%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Градежништво (8,7%), Земјоделство, шумарство и рибарство (7,2%) и Информации и комуникации (6,0%). Реалните плати во септември забележаа годишен раст од 0,6%.

Просечната номинална бруто-плата во септември 2016 година оствари годишен раст од 1,0%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,5%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Градежништво (9,6%), Земјоделство, шумарство и рибарство (7,2%) и Информации и комуникации (5,5%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 0,8%.




Процентот на вработени што не примиле плата во септември 2016 година изнесува 1,2% и е за 0,2 п.п. повисок во однос на истиот месец претходната година, а е непрометен во однос на август 2016 година.

## Пензии

Во октомври 2016 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 304.417 пензионери, што претставува зголемување од 1,9% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е поголем за 1.743 лица. Од вкупниот број пензионери, 62,2% се корисници на старосна пензија, 25,1% се корисници на семејна пензија и 12,7% се корисници на инвалидска пензија.




Просечната пензија во октомври 2016 година изнесува 13.063 денари и е непроменета во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во септември 2016 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,9%.

Просечната старосна пензија во октомври изнесува 14.399 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 11.781 денар, а просечната семејна пензија 10.397 денари. За

исплата на пензиите во октомври 2016 година се потрошени 3.896,50 милиони денари, што претставува 53,0% од вкупните социјални трансфери.

# *МОНЕТАРЕН СЕКТОР*

Во октомври 2016 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на ниво од 4,0%, откако во мај 2016 година истата ја зголеми за 0,75 п.п. што се должи на зголемената побарувачка на девизи и притисоците врз депозитната база на банките, како последица на влошените очекувања на економските субјекти, предизвикани од нестабилната политичка состојба во земјата. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Во октомври 2016 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 7,5% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките од 7,3% и 7,6%, соодветно.




На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 0,7%, при пад на готовите пари во оптек од 0,1%, а вкупните ликвидни средства на банките се намалија за 1,3%.

## Депозитен потенцијал

Во октомври 2016 година, вкупните депозити на банките регистрираа раст од 1% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 2,3%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,7%.

Од аспект на валутата, во октомври 2016 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута и странска валута се зголемија за 1,2% и 0,7%, соодветно.

Вкупниот депозитен потенцијал во октомври 2016 година оствари раст од 4% на годишна основа. Анализирано според валутата депозитите во домашна валута и странска валута забележаа раст од 2,1% и 6,7%, соодветно.

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 1,8% на годишно ниво, додека депозитите на претпријатијата се зголемија за 9,1%. Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 1%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 4,3%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58%.

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (октомври 2016 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **305817** | **1%** | **4%** |
| Денари | *177359* | 1,2% | 2,1% |
| Странска валута | *128459* | 0,7% | 6,7% |
| Краткорочни | *147503* | 0,7% | 1% |
| Долгорочни | *84178* | 1% | 4,3% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **274068** | **-0,4%** | **1,8%** |
| Денари | *224542* | *0,4%* | 4,1% |
| Странска валута | *49526* | -3,8% | -7,6% |
| Краткорочни | *60310* | 0,1% | -0,5% |
| Долгорочни | *192145* | -0,6% | 9,9% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *20086* | 0,7% | -35,5% |

Извор: НБРМ

## Кредити на банките




Во октомври 2016 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се намалија за 0,4% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во октомври кредитите кон претпријатијата се намалија за 1,6%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 1%. Од аспект на валутата, во октомври 2016 година, денарските кредити регистрираа раст од 0,4%, а девизните кредити се намалија за 3,8% на месечно ниво .

На годишна основа, во октомври 2016 година вкупните кредити се зголемија за 1,8%, во услови на раст на кредитите кон домаќинствата од 7,5% и пад на кредитите кон претпријатијата од 2,7%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 4,1%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 7,6%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,9%, а краткорочните кредити се намалија за 0,5%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Вкупната каматна стапка на кредитите во октомври 2016 година, изнесува 6,3% и е непроменета во споредба со претходниот месец. Каматните стапки на денарските и девизните кредити се намалија за по 0,1 п.п. на месечно ниво и изнесуваат 6,5% и 5,3%, соодветно.




Вкупната каматна стапка на депозитите во октомври изнесува 1,8% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските и девизните депозити се исто така непроменети на месечно ниво и изнесуваат 2,5% и 1%, соодветно.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во октомври 2016 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 73,6% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на прометот од класичното тргување за 86,8%, како и зголемувањето на прометот од блок трансакции за 27,2%.




Вкупниот промет на берзата во октомври 2016 година изнесуваше 272 милиони денари што претставува зголемување од 18,1% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во октомври 2016 година изнесуваше 2.078,84 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 6,4%, додека во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 20,3%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на октомври 2016 година изнесуваа 2.729 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемени за 30 милиони евра, додека во однос на октомври 2015 година се зголемени за 540,9 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk